Sofka Haxhijevska Postollovska, PhD[1]

UDC:
343.85:343.575

# LIDHJA MES VARSHMËRISË NGA DROGAT DHE KRIMINALITETIT

# ВРСКАТА ПОМЕЃУ ЗАВИСНОСТА ОД ДРОГИ И КРИМИНАЛИТЕТОТ

# THE CONNECTION BETWEEN DRUG ADDICTION AND CRIMINALITY

**Abstract**

When considering the relationship between drug addiction and delinquency or criminality often refers to their cause-and-effect relationship. This raises a dilemma whether the drug causes delinquency either criminal behavior or delinquent (criminal) behavior leads to the use of drug abuse. Since it is very difficult to find the right solution to this dilemma, modern criminology abandons the monocause approach, and therefore, in science and in literature, there is more and more talk about the connection between these phenomena, or their causality.

**Key words:** drug addiction, crimnal behavior, causality

**Вовед**

Кога зависноста од droги се разгледува низ пошироко гледиште, се отвора дилема дали оваа појава постои сама за себе или пак е поврзана со други општествени појави. Имајќи ги предвид досегашните теоретско-емпириски истражувања, може да се

[1] Доктор на правни науки, Управа за заштита на културното наследство, sofka_hadzijevska@hotmail.com

заклучи дека зависноста од droги речиси секогаш е поврзана со други општествени појави (генерално сфатени како негативни) и во тие случаи оваа појава се јавува во две форми: како фактор за појавување на другите општествено (негативни) појави или како последица од веќе создадените појави кои го погодуваат поединецот.

Кога станува збор за криминалитетот како облик на општествено-негативна појава проследена со казненоправна реакција, во практиката постојат податоци кои упатуваат на неговата поврзаност со зависноста од дроги, но од друга страна пак зависноста од дроги скоро секогаш е пропратена и со криминално однесување. Притоа, она што е особено важно да се потенцира е дека не секогаш криминалците се и лица што користат дроги, меѓутоа во најголемиот број случаи лицата кои користат дроги се и лица склони на криминално поведение, па затоа се поставува и прашањето која појава е факторот, а која последицата во таа меѓусебна релација, за што одговорот најчесто се бара во нивниот каузалитет.

## Анализа на причинско-последичната врска помеѓу зависноста од дроги и криминалитетот

Врз основа на погоре наведените ставови, во досегашната практика се покажало дека сепак се можни и двата правци. Така, личноста најпрво станува зависник од некој вид дрога и откако ќе ги исцрпи сите легални начини за прибавување пари за да дојде до дрога, посегнува по нелегалните и на тој начин го манифестира своето криминално поведение. Во вториот правец личноста најпрво манифестира деликвентно или евентуално криминално однесување, но заради љубопитност и досада, заради експериментирање и испробување нешто ново или заради поврзување со другите луѓе од илегалните кругови, посегнува по дрога. Во овој дел исто така за поврзаност со криминалитетот и зависноста од дрога може да се смета и нелегалното производство и трговија со дрога како облик на криминалитет и како начин преку кој зависноста од дрога како општествена појава добива на експанзија.

Поврзаноста помеѓу криминалитетот и употребата на дрога најмногу е евидентна во историјата на американскиот криминалитет. Имено, високо казнениот режим на дејствија поврзани со дрога е одговор на здружување на тие епидемии со криминалните

групи. Постојат податоци кои индицираат дека оние лица што се уапсени и се дел од криминалниот систем исто така се вклучени и во употребата на дрога. Голем дел од лицата што се во затворите се занимавале со снабдување на дрогата. Одредени показатели укажуваат дека доколку се поттикнат лицата што се криминални прекршители да ја намалат својата зависност, тогаш би се редуцирал и криминалот.[2]

Проблемот во врска со односот меѓу зависноста од дрога и криминалитетот може да се разгледува и објаснува низ неколку гледишта, првенствено како недозволено производство и промет на опојни дроги, а понатаму и други форми на криминално однесување. Поради тоа, помеѓу теоретичарите се среќаваат различни критериуми за одредување на односот помеѓу зависноста од дрога и криминалитетот, со што се дава објаснување на криминалното однесување на поединци. Притоа мора да се има предвид дека криминалитетот поврзан со дрогите не секогаш се врши исклучиво од страна на лица што користат дроги, напротив, постојат случаи каде што овој тип криминалитет го вршат лица што воопшто и не користат наркотични средства, туку криминалитетот поврзан со дрогите го вршат професионално заради стекнување профит.

Оттука, се појавуваат и различни форми на криминалитет поврзани со дрогите. Така, казнените дела поврзани со дрогите, без оглед на тоа дали станува збор за извршување од страна на лица што користат дроги или не, можеме да ги поделиме на 4 големи групи:

- казнени дела извршени под дејство на дроги;
- казнени дела извршени од страна на лица што користат дроги заради прибавување дроги;
- казнени дела што се однесуваат на помагање при злоупотреба на дроги и
- казнени дела на илегална трговија со дрога.[3]

Всушност, постои сфаќање дека целокупниот криминалитет поврзан со дрогите може да се квалификува во три категории: примарен, секундарен и терцијарен. Примарниот се однесува на повреда на прописите на материјалното казнено право во кои се инкриминирани производството, преработката, набавката, увозот и извозот, дистрибуцијата и транзитот на дрогата. Секундарниот

---

[2] Види: http://www.nber.org/papers/w16731, пристапено: 15.05.2019 г.

[3] Singer и др., 2002:703

ги опфаќа казнените дела извршени под влијание на опојни дроги или дела кои се извршени заради набавување на дрогата, односно на средствата за нејзина набавка. Тука се асимилираат и некои казнени дела како, на пример, избегнување на воените обврски повикувајќи се на зависноста од дрога. Терцијарниот криминалитет е поврзан со меѓународните криминални организации што се занимаваат со илегална трговија и шверц на дрога и претставува еден од општествено најопасните облици на криминалитет.[4]

Генерално криминалитетот на лицата што користат дрога може да се набљудува двострано: како криминално однесување на лица што користат дроги за да дојдат до дрога и криминално однесување на лица што користат дроги под дејство и влијание на дрога. Во казнено-правната и криминолошката литература се наведуваат 4 најчести групи на казнени дела кои ги вршат лица што користат дроги:

а) казнени дела на лица што користат дроги предизвикани од потребата за прибавување дроги или средства за нивно купување (фалсификување, кражби, разбојништва, измами и проневери);

б) казнени дела сторени како последица на нарушувања на личноста настанати поради злоупотреба на наркотични средства (убиства, телесни повреди, сексуални деликти и други видови насилства);

в) казнени дела на илегална трговија во врска со производство и промет, шверц на дроги;

г) казнени дела на помагање при злоупотреба на дроги.[5]

Усвојувањето јасна дефиниција на криминалот поврзан со дроги е суштински чекор за развивање на потребните методологии за процена и за градење на националните политики за дрога. Според тоа, Европскиот центар за следење на дроги и зависност од дрога предлага елементи за дефинирање на криминалот поврзан со дрога што опфаќа четири категории: психофармаколошки криминал (извршен под дејство на психоактивна супстанција); економско-компулсивни казнени дела (посветени да добијат средства за поддршка на употребата на дрога); системски казнени дела (извршени во рамките на функционирањето на нелегалните пазари на дроги, како дел од бизнисот за снабдување со дрога, дистрибуција

[4] Modly, 1982:425-426

[5] Bošković 2. 2007:142-143

и употреба) и казнени дела поврзани со дрогите (кршење на законите за droги и други сродни закони).[6]

Оттука, криминалитетот на лицата што користат дроги се разграничува од нарко-криминалитетот, пред сѐ, поради својството на извршител. Ако кај класичниот нарко-криминалитет извршител може, но и не мора, да биде лице зависно од дроги, независно од тоа дали се работи за поединец или организирана група, тогаш кај овој вид криминалитет извршителот мора да биде лице зависно од дроги. Овој тип криминалитет се јавува во две насоки: криминалитет извршен под дејство на дроги и криминалитет извршен заради прибавување дрога. Она што е особено важно е дека во времето на вршењето на казнените дела поврзани со нарко-криминалитетот лицето речиси секогаш е пресметливо. Ако во предделиктната фаза тоа бил пресметливо, а потоа се ставило во состојба на непресметливост користејќи дрога, тогаш ќе се примени „actio libera in causa“.[7] Ако, пак, станува збор за лице со развиена хронична зависност од дрога, тогаш тоа ќе биде непресметливо, но ќе подлежи на мерка за безбедност - задолжително лекување во установа или во исклучителни случаи на задолжително лекување на слобода.[8]

Криминалитетот на лицата што користат дроги вообичаено започнува во првите неколку години од зависничкиот стаж, а обликот на криминалната активност зависи од возраста на зависникот, од неговата личност, од материјалната сигурност и способност, од видот на дрогата што ја користи и од степенот на зависноста.[9]

Во првата група казнени дела извршени под дејство на дроги може да се вброи речиси секое казнено дело, вклучувајќи ги и најтешките, но едно е сигурно - дека лица што се зависни од користење на дрогите додека се наоѓаат под дејство на дрогата не се склони кон насилство, освен ако поради дрогата се довеле во состојба на душевно растројство. Во оваа група казнени дела исто така може да влезат и делата сторени од небрежност како, на пример, сообраќајна незгода предизвикана поради користење

[6] Види: http://www.emcdda.europa.eu/html.cfm/index33752EN.html, пристапено: 15.05.2019 г.

[7] Буџакоски, 2. 2014:280

[8] Новотни, 1998:583-584

[9] Klein, Rose, 2009:22-29

психоактивни супстанции. Со оглед на тоа што лицето само се довело во ваква состојба, неговата пресметливост не се исклучува.

Зависноста од дрога, која доминира кај личноста на лицето зависно од дрога, и стравот од криза предизвикуваат објективна потреба и силна мотивација за набавување дрога на секој можен начин. Најпрво, станува збор за искористување на сите можни средства со кои располага зависникот, а до кои дошол на легален начин, а потоа се преминува кон користење други средства до кои се доаѓа по нелегален, односно забранет пат. Оттука, јасно може да се уочи врската помеѓу зависноста од дрога и криминалитетот бидејќи потребата за дрога најчесто создава потенцијален криминалец. Кога станува збор за втората група на криминалитет на лица што се зависни од користење на дрогите мора да се земе предвид дека фармаколошките својства на дрогите не се јавуваат како фактор за извршување казнени дела, туку желбата и потребата да се дојде до дрога, односно зависноста од дрогата, како и апстиненцијалните кризи кај лица што користат дроги го наметнува тоа криминално однесување. Со други зборови, не постои ниту една дрога што според својот состав директно влијае врз мозочните рецептори и поттикнува криминално однесување.[10] Според тоа, овие криминални однесувања може да се разгледуваат во две насоки, односно да опфатат две групи казнени дела, и тоа: казнени дела поради набавување дрога или казнени дела извршени заради стекнување средства со кои би се набавила дрогата. Во оваа група најчесто доминираат имотните деликти, бидејќи на тој начин најлесно се стигнува или до потребното количество на дрога или до потребните средства (пари) со кои би можела да се купи дрогата.

Имено, кога лицето зависно од дрога ќе ги исцрпи сите можности на домашниот буџет за набавка на дрогата, на располагање му остануваат два правци, и тоа и двата од криминална природа. Првиот е директно да ја набави дрогата преку кражба на дрога, преку провала во аптеките или преку кражба на рецепти на кои самиот зависник го впишува саканиот лек- дрога, со фалсификувани печат и потпис. Вториот начин се состои од извршување

[10] Види: http://www.nytimes.com/1982/02/14/nyregion/study-says-drugs-influence-criminal-behavior.html, пристапено: 18.05.2019 г.

различни казнени дела (кражби, провали, фалсификати, уцени, проневери) заради стекнување средства за набавка на дрогата.[11]

Во литературата особен интерес предизвикуваат кражбите извршени во аптеките или во здравствените установи, или магацините во кои се складираат лековите. Меѓу извршителите на овие кражби се разликуваат два вида: лица што користат дроги и на тој начин доаѓаат до посакуваната дрога и извршители кои не мора да се лица што користат дроги, но на тој начин доаѓаат до дрогата заради препродажба и заработка.[12]

Основно обележје на другата група казнени дела е тоа што зависникот мора да дојде до посакуваното количество дрога, па затоа најчесто врши кражби, а во многу случаи и најтешките имотни деликти, како што се разбојништвата и разбојничките кражби. Откако ќе ги собере затекнатите средства, ги препродава по посебни илегални канали за продажба кои со себе го носат ризикот од откривање и апсење. Целта е стекнување парични средства со кои ќе може да ја купи дрогата и да ги задоволи моменталните потреби, но, за жал, пленот што ќе го собере преку извршувањето на казнените дела се препродава за многу пониска цена и ја губи реалната вредност што би ја имал на легалните пазари. Меѓутоа, тоа за лицето зависно од дроги не претставува проблем бидејќи единствената цел му е по секоја цена до дојде до потребната дрога и да ја задоволни моменталната потреба, зашто во спротивно би паднал во криза, која со себе носи други појави, дејствија и однесувања.

Во врска со делата што влегуваат во насилнички криминалитет, досега е евидентно и неколку пати повторено дека директна врска не постои и дека таа поврзаност е условена и од објективните фактори (видот на дрогата) и од субјективните (стажот на зависноста и користењето на дрогата и здравствената историја на зависникот). Според тоа, најчесто извршувани казнени дела од групата на насилничкиот криминалитет се казнените дела против животот и телото. Така, на пример, особено голем интерес за проучување и истражување на поврзаноста на употребата на дрогите со насилството претставува состојбата на т.н. Северен триаголник“ (Хондурас, Ел Салвадор и Гватемала), затоа што во последните неколку години токму овие земји покажуваат зголемено ниво на насилство

[11] Singer и др., 2002:704

[12] O’Connor, 2014:9

поврзано со дрогите и заедно со Мексико го формираат најнасилничкиот регион во светот. Во таа смисла, најмногу е зголемена стапката на убиствата, а со тоа се зголемува и формирањето на бандите, организациите за трговија со дрога и локалните превозници.[13]

## Conclusion

Drug addiction is almost always experienced as a socially negative phenomenon that causes a series of consequences for both the individual and his family, but also for the society as a whole. Consequently, the consequences can be of a diverse nature: health, financial, legal, etc. As a socially negative phenomenon, drug addiction enters the order of socio-pathological phenomena, and from this aspect drug addiction is interconnected with other socio-pathological phenomena. On the other hand, drug addiction is related to criminality and can be manifested in four forms: psychopharmacological criminality, economically-compulsive criminal acts, punish works directly related to the production, circulation and distribution of drugs and punishable acts from other laws related to drugs. In this context, it can be concluded that prevention of drug addiction requires the prevention of crime (especially when it comes to illegal drug trafficking), and vice versa, for the prevention of crime, prevention of drug addiction is necessary, which again referring to their unbreakable causal relationship.

**Рецензенти:**
**Проф. д-р Стефан Буџакоски**
**Доц. д-р Наташа Тодоровска**

## Користена литература

1.Bošković, M., Socijalna patologija, Univerzitet u Novom Sadu, Pravni fakultet, Novi Sad, 2007;

2.Буџакоски, С., Казнено право - Општ дел, Коста Абраш, Охрид, 2014;

3.Klein, R., A., Rose, K., Practical Implications of Current Domestic Vilence Research: For Law Enforcement, Prosecutors and

[13] Olson, Zaino, 2015:28

Judges, U.S. Department of Justice, Office of Justice Programs, National Institute of Justice, Washington D.C., 2009;

4.Modly, D., Štetne posledice konzumiranja droge, Priručnik za stručno obrazovanje radnika unutrašnjih poslova, Zagreb, 1982;

5.Новотни., Љ. Судска психијатрија, Студентски збор, Скопје, 1998;

6.O'Connor Shelley, T., Pharmacy Robbery and Burglary: The Offender Perspective,Center for the Study of Crime and Justice, Department of Sociology, Colorado State University, Fort Collins, Colorado, 2014;

7.Olson, L. E., Zaino, C., T he Central America Regional Security Initiative- Losing the good fight: When good intentions are not enough, Crime and Violence in Central America's Northern Triangle, How U.S. Policy Responses are Helping, Hurting, and Can be Improved, Woodrow Wilson International Center for Scholars, Washington, D.C., 2015;

8.Singer, M., Viukadin-Kovćo, S., Mraović-Cajner, I., Kriminologija treće, izmijenjeno i dopunjeno izdanje, Nakladni Zavod Globus, Edukacijsko- rehabilitacijski fakultet, Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb, 2002;

9.http://www.emcdda.europa.eu/html.cfm/index33752EN.html

10. http://www.nber.org/papers/w16731

11. http://www.nytimes.com/1982/02/14/nyregion/study-says-drugs-influence-criminal-behavior.html